**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

# О Д Л У К А

за висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови и надоместоци за организирање на испити и давање дозволи на агенти и нивно запишување во регистарот на агенти

Скопје, ноември 2004 година

Врз основа на член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (Службен весник на РМ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004) и член 8 став (1) точка з) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Управниот одбор на Агенцијата на седницата одржана на ден 10.11.2004 година, донесе

# **О Д Л У К А**

за висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови и надоместоци за организирање на испити и давање дозволи на агенти и нивно запишување во регистарот на агенти

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместоците што ги наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од друштвата за управување со пензиски фондови и тоа:

- месечен надомест за 2005 година од вкупните придонеси;
- надомест за организирање на испити и давање дозволи на агенти; и
- надомест за запишување во регистерот на агенти.

Владата на Република Македонија дава согласнот на висината на надоместоците од став 1 на овој член и истите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија"

Член 2

Висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови, изразен во проценти за 2005 година изнесува 1,50%.

Конечните проекции за висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови, изразен во проценти и распореден по години од 2006 до 2015 година се следните:

| Година | Процент |
|---|---|
| 2006 | 1,50 |
| 2007 | 1.74 |
| 2008 | 2,02 |
| 2009 | 2,26 |
| 2010 | 2,16 |
| 2011 | 2,01 |
| 2012 | 1,98 |
| 2013 | 1,81 |
| 2014 | 1,63 |
| 2015 | 1,46 |

Просечната висина на надоместоците од табелата од став (2) на овој член, изразена во проценти, а пресметана преку сегашната вредност на надоместоците и придонесите, изнесува 1,86%.

Член 3

Секое друштво го плаќа надоместокот, од член 1 на оваа одлука еднаш месечно, на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и истиот се пресметува како процент од придонесите собрани од Фондот на пензиското и инавалидското осигурување на Македонија и пренесени од чуварот на имот за секој пензиски фонд.

Член 4

Висината на надоместот, што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови, за организирање на испити и давање дозволи на агенти изнесува 15 евра во денарска проиввредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 5

Висината на надоместот, што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови, за запишување во регистерот на агенти изнесува 5 евра во денарска проиввредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија. Оваа одлука ќе се применива од датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

за висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови и надоместоци за организирање на испити и давање дозволи на агенти и нивно запишување во регистарот на агенти

Работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување согласно член 56 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на РМ" бр.29/2002, 85/2003, 40/2004 и 113/2005) се финансира од надоместоците наведени во овој став, кои Агенцијата ги наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови. Во ставот (4) од истиот член на Законот е пропишано дека висината на наведените надоместоци ја утврдува Агенцијата на која согласност дава Владата на Република Македонија и истите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија", а во член 8 став (1) точка з) од Статутот на Агенцијата е уредено дека Управниот одбор ја утврдува висината на надоместоците.

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување е утврден највисокиот процент од 2,5 на надоместокот кој Агенцијата го наплатува од друштвата, меѓутоа Агенцијата изготви проекции на буџет за 2005 година од кои произлезе надомест од 1,50%, а од проекциите на буџети од 2006 до 2015 година произлегоа годишните надоместоци чиј просек е 1,86%. При изготвување на проекциите на буџетите за наведените години, беа земени во предвид трошоците за одржување на информатичкиот систем, трошоци за материјали, човечки ресурси и други трошоци неопходни за работење на Агенцијата. При тоа се имаше во предвид помошта на државата со информатичко опремување на Агенцијата и други компоненти потребни за нејзино функционирање, изразена преку техничката помош од УСАИД (неповратни средства), а особено заемот одобрен од Светска банка.

Управниот одбор на Агенцијата утврди висина на надомест од 15 евра во денарска проивврредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови, за организирање на испити и давање дозволи на агенти. Исто така, Управниот одбор ја утврди висината на надоместот, што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од друштвата за управување со пензиски фондови, за запишување во регистерот на агенти, кој изнесува 5 евра во денарска проивврредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Бр. 02-315/1
18 ноември 2004 година
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
Александар Генчов, с.р.